- Одлуката е донесена со 87.738 гласа „За„ , против 50.193 гласа , воздржани 447 гласа.-------------------------------------------------------------------------------------------

Се става на усвојување со гласање на Предлог Одлуката за усвојување на Извештајот за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на АД Охридтурист-Охрид за 2019 година и тоа поединечно за секој член на Одборот на директори од претходниот состав за периодот од 01.01 до 10.09.2019 год и тоа;-------------------------------------------------------------------------------------------------

-По спроведеното гласање за **Кире Колески** претседавачот констатира дека со За гласови гласале 50.640 гласа, против 75.021 гласа и воздржани 12.717 гласа при што констатира дека не е прифатена работата за периодот од 01.01 до 10.09.2019 год . На барање на полномошник адвокат Аце Ѓоршески причина за против гласање од полномошник адвокат Миле Бундовски беше добиен став да не мора да се даваат такви појаснувања. -----------------------------------------------------------------

-По спроведеното гласање за **Ратко Чадиковски** претседавачот констатира дека со За гласови гласале 88.185 гласа, против 50.193 гласа при што констатира дека е прифатена работата за периодот од 01.01 до 10.09.2019 год . --------------------------

По спроведеното гласање за **Мате Настески** претседавачот констатира дека со За гласови гласале 88.185 гласа, против 50.193 гласа при што констатира дека е прифатена работата за периодот од 01.01 до 10.09.2019 год . ------------------------

-По спроведеното гласање за **Џемал Рахман** претседавачот констатира дека со За гласови гласале 50.640 гласа, против 75.021 гласа, воздржани 12.717 гласа, при што констатира дека не е прифатена работата за периодот од 01.01 до 10.09.2019 год . ----------------------------------------------------------------------------------------------------

- По спроведеното гласање за **Миле Бундовски**, претседавачот констатира дека со За гласови гласале 75.468 гласа, против 50.193 гласа, воздржани 12.717 гласа , при што констатира дека е прифатена работата за периодот од 01.01 до 10.09.2019 год . ----------------------------------------------------------------------------------------------

Се продолжи со гласање за одобрување на работата на новите членови на Одбор на директори поединечно и тоа; -----------------------------------------------------------------
За Борче Илиоски - претседател како неизвршен член по спроведеното гласање претседавачот констатира дека ;-----------------------------------------------------------
со За гласови гласале 87.738 гласа, против 50.193 гласа, воздржани 447 гласа , при што констатира дека е прифатена работата за извештајниот период . -----------
За Филип Медарски- неизвршен член по спроведеното гласање претседавачот констатира дека :--------------------------------------------------------------------------------
со За гласови гласале 87.738 гласа, против 50.193 гласа, воздржани 447 гласа , при што констатира дека е прифатена работата за извештајниот период . -----------
За Оливера Ставрова - извршен член и Генерален директор, по спроведеното гласање претседавачот констатира дека ;----------------------------------------------
- со За гласови гласале 87.738 гласа, против 50.193 гласа, воздржани 447 гласа , при што констатира дека е прифатена работата за извештајниот период . -----------
За Снежана Славкова - неизвршен член, по спроведеното гласање претседавачот констатира дека ;-------------------------------------------------------------------------
со За гласови гласале 87.738 гласа, против 50.193 гласа, воздржани 447 гласа , при што констатира дека е прифатена работата за извештајниот период . -----------
За Миле Бундовски - независен неизвршен член, по спроведеното гласање претседавачот констатира дека ;-----------------------------------------------------------
со За гласови гласале 75.021 гласа, против 50.193 гласа, воздржани 13.164 гласа , при што констатира дека е прифатена работата за извештајниот период . -----------
По завршеното поединечно гласање за членовите на стариот и новиот одбор на директори за 2019 година, претседавачот констатира дека врз основа на резултатите од гласањето ке се формулира Одлуката за усвојување на Извештајот и одобрување на работата на Одборот на директори. ---------------------
-Се продолжи со работа по точка четири ;--------------------------------------------------
- Избор на ревизиска куќа за ревизија на годишната сметка на АД Охридтурист Охрид за 2020 година--------------------------------------------------------------------------
-Претседавачот даде збор на Генералниот директор Оливера Ставрова која во своето излагање истакна дека има добиени три Понуди од три ревизорски куки и тоа од ;-----------------------------------------------------------------------------------------
- Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО , чија цена изнесува 2.000,00 евра (две илјади евра )без пресметан ДДВ износ ;---------------------------------------------
- Друштво за ревизија ПЕЛАГОНИСКА Ревизиска кука од Прилеп, чија цена изнесува 2.966,00 евра (двеилјадидеветстошеесетишестилјади евра)без пресметан ДДВ износ ;-----------------------------------------------------------------------------------
- Друштво за ревизија ПЕЦЕВ Ревизија, чија цена изнесува 3.600,00 евра (трилјадиишесто евра)без пресметан ДДВ износ ;------------------------------------------
- Генералниот директор истакна дека соглед на дадените понуди како најниска и најповолна понуда се прифака понудата на Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО.----------------------------------------------------------------------------------------------
-За збор по изнесеното излагање се јави адвокат полномошник Аце Ѓоршески кој истакна дека кога се работи за ревизија, најниската цена не е услов и не значи најповолна понуда, бидејки и на претходното и на сегашното собрание истакна дека укажал дека има пропусти од значајни сегменти за работењето на друштвото, кои не се прикажани од ревизорската куќа Мур Стивенс Доо, поради што истакна дека е против изборот на оваа ревизиска куќа без оглед како ке гласаат останатите акционери.-------------------------------------------------------------
.-Бидејки немаше друга дискусија претседавачот оваа Предлог Одлука за избор на ревизиска кука за 2020 година на Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО ја стави на гласање.---------------------------------------------------------------------------
-По спроведеното гласање претседавачот констатира дека;------------------------------
-- Одлуката за избор на ревизиска кука на Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС

ДОО ,е усвоена со мнозинство гласови од кои со 87.738 гласа „За„ против 50.640 гласа , воздржани нема.-------------------------------------------------------------------------------
Со исцрпување на дневниот ред на седницата претседавачот констатира дека собранието заврши со работа во 13 часот и 35 минути. --------------------------------------
Овој Записник лично го составив, се состои од десет страни од десет листа. Записникот заедно со прилозите лично му го прочитав на претседавачот на собранието Нове Секулоски кој раководеше со работата на собранието, и го предупредив на правните последици од оваа правна работа. Претседавачот изјави дека ги прифаќа во целост правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината од овој нотарски акт на записник во целост одговара на вистинската состојба.-----------------------------------------------------------------------------
Во знак на прифаќање во мое присуство лично го потпиеша овој записник.-------
Претседавач: Нове Секулоски с.р______________________________ -------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој извод го споредив со оригиналот кој се наоѓа во моите списи и утврдив дека целосно одговара со оригиналот. Овој е прв извод. На претседавачот му се издава еден извод од овој нотарски акт.---------------------
Изворникот се чува во мојата архива.------------------------------------------------------
Нотарска такса по тарифен број 28 т 2 од Законот за судски такси во износ од петстотини денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање. Нотарската награда е пресметана по согласно член 41 и член 54 од Правилникот за нотарска тарифа во износ од шеснаесет илјади денари и трошоци во износ од илјада и двеста денари.-----------------------------------------------------------
ОДУ.бр.229/2020 ---------------------------------------------------------------------------
Охрид 03.09.2020 год ден трети месец Септември две илјади и дваесетта година.----
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Нотар
Гордана Дескоска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
на подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ГОРДАНА
ДЕСКОСКА
ОХРИД

Република Северна Македонија
**НОТАР**
**Васил Кузманоски**
ОХРИД
Бул:"Македонски Просветители", 5
за подрачјето на Основен суд Охрид
17.03.2021 година
(седумнаесетти март двеилјададидваесетипрва година)
12.00 часот (дванаесет часот)

ОДУ
реден број 169/21
(Извод)

Јас, нотар Васил Кузманоски од Охрид Булевар "Македонски Просветители" број 5, денес 17.03.2021 година (ден седумнаесетти, месец март, двеилјади дваесетипрва година) на писмено Барање за присуство на акционерско собрание на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид број 03-39 од 03.03.2021 година на Адвокат Антонио Велкоски од Скопје како овластен судски свикувач на Собранието присуствував на Собранието на акционери на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид, со седиште на улица "Партизанска" број 8 во просториите на хотел "Палас" Охрид, кое се одржа на денешен ден 17.03.2021 година во просториите во нивното седиште во Охрид на улица "Партизанска" број 8 Охрид, со почеток во 12.00 (дванаесет) часот, при што согласно член 92 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија број 72/16) и член 407 од Законот за трговски друштва го составив следниот:--------
--------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКОТО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ОХРИДТУРИСТ Охрид**

--------------------------------------------------------------------------------
Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочена:-------
1. Тековната состојба број 0805-50/150020210088093 од 17.03.2021 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија како електронски издаден документ-------------------------------------------------------
2. Акционерска книга на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид. Од увидот во истата утврдив дека е во печатена форма, има печат од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и истата е со состојба на ден 16.03.2021 година во 12:56:35 часот и дека Акционерската книга се состои од 47 (четириесетиседум) иматели на обични акции, истата содржи комплет податоци за имателите на акции и дека вкупниот номинален капитал изнесува 6030185 ЕУР, со вкупен број на гласови 172.291, односно една акција-еден глас-----------------------------------------------------------------------------
3. Јавен повик објавен во весникот "Вечер" на ден 13.02.2021 година на една половина страна со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени лица да присуствуваат на Седница на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на улица "Партизанска" број 8 на ден 17.03.2021 година, со почеток во 12.00 часот, во просториите на хотел "Палас" на улица "Партизанска" број 8 Охрид-----------------------------
4.Решение РВПП-460/21 од 09.02.2021 година донесено од Основниот суд Охрид
5. Статут на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид број 02-589/4-1 од 22.08.2012 година-----------------------------------
6. Список на присутни акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид и ополномоштени лица пријавени за учество на Собранието одржано на ден 17.03.2021 година, кој содржи име и презиме на акционерот или застапникот, адреса, број на акции и потпис. Од наведениот список на седницата се присутни вкупно 6 (шест) акционери и нивни застапници и тоа:-----------

ОДУ
реден број 169/21
(Извод)

НОТАР ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во

1. Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје, со адреса: улица "810" број 2 Скопје-Гази Баба, со ЕМБС 5212855, кој е сопственик на 75021 акции и гласови преку полномошник Адвокат Панче Нефтенов од Скопје, со адреса на живеење на улица "Мара Међуречка" број 63 Скопје-Бутел со ЕМБГ 2609962450166 и број на л.к. А1519974 издадена од МВР Скопје со Полномошно број 0309/12 од 04.03.2021 година заверено под број УЗП 3400/2021 од 10.03.2021 година од Заменик-нотар Кирил Петровски на Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје-----------
2. ДРАГАНА ЈАНЕВСКА од Скопје со адреса: улица "Иван Милутиновиќ" број 14 Скопје-Центар, со ЕМБГ 0305975455039 и број на л.к. А1386786 издадена од МВР Скопје која е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Миле Бундовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Христо Татарчев" број 47/3-41 Скопје-Кисела Вода со ЕМБГ 3010956450043 и број на л.к. А1622997 издадена од МВР Скопје со Полномошно заверено под број УЗП 3398/2021 од 10.03.2021 година од Заменик-нотар Кирил Петровски на Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје---------------------------------------------------
3. ЈАНЕ ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Васил Ѓоргов" број 28-31 Скопје-Центар, со ЕМБГ 1803977450224 и број на л.к. А2158571 издадена од МВР Скопје кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Миле Бундовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Христо Татарчев" број 47/3-41 Скопје-Кисела Вода со ЕМБГ 3010956450043 и број на л.к. А1622997 издадена од МВР Скопје со Полномошно заверено под број УЗП 3399/2021 од 10.03.2021 година од Заменик-нотар Кирил Петровски на Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје---------------------------------------------------
4. КИРИЛО ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Скупи 6" број 33А Скопје-Карпош, со ЕМБГ 0809998450008 и број на л.к. А1975697 издадена од МВР Скопје кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Миле Бундовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Христо Татарчев" број 47/3-41 Скопје-Кисела Вода со ЕМБГ 3010956450043 и број на л.к. А1622997 издадена од МВР Скопје со Полномошно заверено под број УЗП 3401/2021 од 10.03.2021 година од Заменик-нотар Кирил Петровски на Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје---------------------------------------------------
5. Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз село Косел Охрид, со адреса: село Косел Охрид, со ЕМБС 4211847, кој е сопственик на 50193 акции и гласови, претставувано од полномошник Адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид, со адреса на живеење на улица "Партизанска" број 63 Охрид со ЕМБГ 1009966430002 и број на л.к. А1787043 издадена од МВР Охрид на ден 13.12.2014 година со Полномошно број 03-20 од 22.02.2021 година заверено под број УЗП 621/2021 од 23.02.2021 година од Нотар Васил Кузманоски од Охрид---------------------------------------
6. ЏЕМАЛ РАХМАН од Охрид со адреса: улица "Абас Емин" број 44, со ЕМБГ 1707960430018 и број на л.к. А1937187 издадена од МВР Охрид на ден 30.11.2017 година кој е сопственик на 447 акции и гласови-----------------------------------------
Собранието го отвори Адвокат Антонио Велкоски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Бул.Партизански Одреди" број 27А-10 Скопје-Центар со ЕМБГ 1809991450073 и број на л.к. А2060214 издадена од МВР Скопје на ден 15.03.2018 година кој истакна дека со Решение на Основниот суд во Охрид РВПП-460/21 од 09.02.2021 година е назначен како лице за свикување на Собранието на акционери на Охридтурист АД Охрид---------------------------------------------------------
Адвокат Антонио Велкоски изјави дека му причинува посебна чест и задоволство, како овластен свикувач на Собранието, да ја отвори Седницата на Собранието на акционери на "ОХРИДТУРИСТ" АД Охрид. При тоа ги извести присутните акционери дека со Решение на Основниот суд во Охрид РВПП-460/21 од 09.02.2021 година е назначен за лице кое треба да го свика Собранието на

акционери на "ОХРИДТУРИСТ" АД Охрид и да ги организира сите пропратни активности околу непречено одржување на Собранието.------------------------------
Ги извести присутните акционери дека Собранието е закажано со јавен повик кој е објавен во дневниот весник "Вечер" во ден сабота на 13.02.2021 година со една точка на дневниот ред, а тоа е избор на 4 (четири) неизвршни членови на Одборот на директори на Друштвото.---------------------------------------------------
Адвокат Антонио Велкоски изјави дека за да може Собранието да започне со својата работа потребно е да се утврди дали за работата на Собранието постои кворум, Собранието да се одржи и полноважно да одлучува.-------------------------------
Адвокат Антонио Велкоски ги извести присутните акционери дека Записникот за денешната седница на Собранието на акционери ќе го води нотар Васил Кузманоски од Охрид и предложи нотарот да го заземе своето место.------------------
Воедно Адвокат Антонио Велкоски истакна дека Услов Собранието да започне со работа е на Собранието да присуствуваат акционери или од нив ополномоштени лица кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас. Имено, согласно акционерската книга на друштвото која е издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 16.03.2021 година, вкупниот број на акции со право на глас изнесува 172291, односно за да може Собранието да работи, потребно е на седницата да бидат присутни акционери, односно ополномоштени лица со преставени 86146 гласа.-----------------------------------------------------------------
Адвокат Антонио Велкоски изјави дека врз основа на извршената споредба на пријавените акционери со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржување на Собранието, констатираше дека присутните акционери и ополномоштени лица се потпишани во списокот на присутни акционери или нивни полномошници и истите преставуваат 138.378 гласови, или 80,31 % од вкупните акции со право на глас во друштвото, така што констатира дека Собранието има кворум за работа и може полноважно да одлучува.---------------------------------------------------------------
Адвокат Антонио Велкоски изјави дека за да може Собранието да работи и полноважно да донесува одлуки потребно е да се избере Претседавач, и два бројачи на гласови, при што се пристапи кон избор за Претседавач на Собранието и бројачи на гласови.---------------------------------------------------------
Адвокат Антонио Велкоски изјави дека Претседавачот на Собранието се избира за секое одделно Собрание, а за Претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое го застапува акционерот, но истиот не може да биде член на органот на управување во друштвото.-----------------------------------------------------------
Претседавачот запраша дали има некој предлог за Претседавач на Собранието, при што адвокат Панче Нефтенов од Скопје како полномошник на акционерот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје, го предложи Миле Бундовски од Скопје. Друг предлог немаше. Се премина кон гласање за претседавач. Предлогот беше ставен на гласање. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема-------------------------------------------
**Се констатира дека за претседавач на денешното собрание е избран Миле Бундовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Христо Татарчев" број 47/3-41 Скопје-Кисела Вода со ЕМБГ 3010956450043 и број на л.к. А1622997 издадена од МВР Скопје со 138.378 гласови "За"**-------------------------------------------------------
Претседавачот Миле Бундовски се заблагодари за укажаната доверба и истакна дека со оглед на тоа да Записникот на денешното Собрание ќе го води Нотар Васил Кузманоски потребно е да се премине на избор на двајца бројачи на гласови и за бројачи на гласови од страна на претседавач Миле Бундовски беа предложени лицата: Цветанка Савеска и Мирјана Кузманоска.
Друг предлог за бројачи на гласови нема------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ

Предлогот беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема------------------------------------------
**Претседавачот констатира дека за бројачи на гласови се избрани Цветанка Савеска и Мирјана Кузманоска за кои гласале акционери со 138.378 гласови "За"**--------------------------------
Претседавачот Миле Бундовски истакна дека во законски утврдениот рок од осум дена нема барања за нови точки на дневниот ред и го постави прашањето дали некој има забелешки на предложениот дневен ред--------------
Претседавачот Миле Бундовски истакна дека со оглед на тоа што никој во законски предвидениот рок не истакнал предлог за дополнување на дневниот ред, тој констатира дека Собранието на денешната седница, ќе работи по објавениот дневен ред:-------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**----------------------------------------------

1. Избор на четири неизвршни членови на Одборот на директори на Хотелско-угостителско акционерско друштво "ОХРИДТУРИСТ" Охрид---------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот Миле Бундовски предложи да се гласа за предложениот дневен ред. Предлогот беше ставен на гласање. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема--------------------
Со оглед на тоа да дневниот ред беше едногласно усвоен Миле Бундовски истакна дека на денешното Собрание ќе се работи по предложениот дневен ред објавен во Јавниот повик---------------------------------------------------------
Пред да се започне со работа по оваа точка на дневниот ред претседавачот му соопшти на Собранието дека по Тужба на Акционерот ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ Охрид Основниот суд во Охрид со Пресуда ТС1-12/19 од 02.03.2020 година, делумно го уважи тужбеното барање така што утврди ништовност на Одлуката на Собранието на Охридтурист Бр.164-10 од 10.09.2019 година за Избор на членови на Одборот на директори на Охридтурист додека Барањето за ништовност на другите Одлуки на Собранието е одбиено. Апелациониот суд во Битола со Пресуда ТСЖ 171-2020 од 07.12.2020 година ги одби жалбите на странките и првостепената Пресуда ја потврди.-----------------------------------------------------------------------------
Претседавачот Миле Бундовски изјави дека со оглед на тоа што е констатирана ништовност на Одлуката за избор на членовите на Одборот на директори се враќа состојбата кога таа ништовна Одлука е донесена. Членовите на Одборот на директори назначени со таа ништовна одлука беа избрани на местото на претходните 5 (пет) членови на Одборот на директори на кои мандатот им престана поради изгласана недоверба од страна на Собранието на акционери.--------
Претседавачот Миле Бундовски изјави со оглед дека во петчлениот состав на Одборот на директори се испразнети четири места, задачата на Собранието е да избере 4 (четири) неизвршни членови на Одборот на директори.--------------------------
Претседавачот Миле Бундовски изјави дека до Собранието во законскиот рок се пристигнати 5 (пет) предлози за избор на членови на Одборот на директори.-----
Претседавачот Миле Бундовски му предложи на Собранието со оглед дека акционерите имаат предложено пет кандидати за членови во одборот, да одлучува за сите пет кандидати поединечно и оние четири кандидати кои ќе добијат најмногу гласови да бидат избрани за неизвршни членови на Одборот на директори. Претседавачот Миле Бундовски запраша дали некој друг има да даде друг предлог за начинот на гласање, но бидејќи никој не предложи друг предлог, се отвори дискусија----------------------------------------------------
За збор се јави адвокат Аце Ѓоршевски како полномошник на акционерот Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА

ОДУ
реден број 169/21
(Извод)

СКОПСКО увоз-извоз село Косел Охрид. Адвокат Аце Ѓоршевски изјави дека во својата дискусија би се задржал на состојби на кои укажал и на претходните Собранија на акционери за да се почитуваат правата на малцинските акционери, односно положбата на акционерите онака како што е утврдена во Законот. При тоа, укажа дека ваквата состојба е спротивна на Законот, а тоа и судот тоа го утврдил и ги поништил донесените одлуки за избор на членови на органите на друштвото на собранието кое се одржа на ден 10.09.2019 година. Адвокат Аце Ѓоршевски изјави дека укажале на потребата за почитување на правата на малцинските акционери и на Собранието за избор на независен член, но и за тоа немало слух од мнозинскиот акционер, така што пред Основен суд Охрид се води постапка и за изборот на независен член која постапка во прв степен е завршена и изборот на независен член е поништен, а предметот е по жалба. Изјави дека ова го кажува во функција на тоа акционерите да бидат запознати за потребата за почитување на правото на другите акционери, законот и прописот. Воедно, изјави дека од она што го гледа во материјалите нема пет предлози на кандидат, туку има два предлози и тоа едниот е предлог од акционерот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје кој има предложено четири кандидати, а другиот е предлог од акционерот Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз село Косел Охрид кој има предложено еден кандидат. Но, изјави дека ова го кажува само за да укаже по трет пат за потребата на акционерите да го почитуваат законот и правата на малцинските акционери, за да укаже на положбата на акционерите, односно согласно акциите кои биле прочитани, има состојба да Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје е мнозински акционер и владеачко друштво врз АД Охридтурист Охрид. За односите помеѓу владечко друштво и зависно друштво истакна дека има посебни одредби во Законот каде што се уредуваат тие права, обврски и одговорности, но ова што како предлози на ова Собрание ги имаме е состојба да мнозинскиот акционер предлага четири кандидати, а друг акционер кој е малцински предлага еден акционер. Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека со наведенето сака да укаже на потребата акционерите да размислат затоа што при состојба кога има зависно и владеачко друштво кога има контрола на Собранието на акционери, кога се предлагаат кандидати во Одбор на директори, мнозинскиот акционер има апсолутна контрола на органите на управување на АД Охридтурист Охрид, што значи и апсолутна одговорност. Истакна дека поентата на неговата дискусија е следното: бидејќи акционерите имаат исти интереси, а не различни, потребно е добро да се размисли од аспект на партиципирање на малцински акционери во органите на управување. Изјави дека Законот утврдува форма каде дефинира и прави разлика помеѓу права и положба на акционерите, каде од аспект на правата на акција е јасно, но од аспект на положба на акционерот во структурата, тука законодавецот предвидува право односно обврска за органите да биде застапена и прифатена еднаквата положба на акционерите. Истакна дека во Одбор на директори каде има пет членови од кои четири членови се предлагаат денес од мнозинскиот акционер и независниот член е предложен и избран од мнозинскиот акционер, тоа значи дека има состојба каде не е запазена

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ВАСИЛ
КУЗМАНОСКИ
ОХРИД



ОДУ
реден број 169/21
(Извод)

еднаквата положба на акционерите, доколку се гласа на начин што сите пет кандидати да бидат предложени и избрани од мнозинскиот акционер. Водено изјави, дека апелира до полномошниците кои ги претставуваат акционерите да го почитуваат Законот во вакви околности за да не се доведе пак состојба да се одвиваат пак судски процедури и постапки кога не се почитуваат правата на акционерите. Токму поради наведените причини изјави дека сака на акционерите да им биде јасно дека има два предлози од два акционери за избор на членови и се гласа по тие предлози односно треба да се води сметка при гласањето за одлучувањето да се почитува Законот но и правата и положбата на акционерите бидејќи не што бара Екстра Скопско ДООЕЛ да партиципира во органите на управување туку М-6 Светлана и останати ДОО Скопје треба да бара затоа што при ваква поставеност на друштвото наместо да се учествува и координира во активностите на друштвото повторно ќе има ситуација да се бара увид во документација. Изјави дека ова е како воведен дел за да се укаже на барањето на Екстра Скопско ДООЕЛ за потребите да котира во органите на управување на друштвото, впрочем како што било 17-18 години претходно во органите на управување на АД Охридтурист Охрид-----------------------------------------
За збор се јави адвокат Панче Нефтенов од Скопје како полномошник на акционерот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје кој изјави дека во еден дел од дискусијата на адвокат Аце Ѓоршевски не се согласува. Имено, се однесува на делот од дискусијата во кој се наведуваат причините поради кои Одлуката за избор на членови на Одборот на директори од 10.09.2019 година е укината. Изјави дека причините кои адвокатот Аце Ѓоршевски ги наведува во своето излагање не се причини поради кои Одлуката на Собранието на акционери на Охридтурист АД Охрид е поништена, туку напротив таа Одлука е поништена бидејќи не била во согласност со член 344 став 3 од Законот за трговските друштва а тоа значи дека не била благовремено доставена документацијата за предложените членови. Адвокат Панче Нефтенов од Скопје изјави дека причините кои адвокат Аце Ѓоршевски ги наведе не одговарале на она што е констатирано на Пресудата на Основниот суд Охрид и Пресудата на Апелациониот суд во Битола. Понатаму изјави дека што се однесува до останатиот дел од дискусијата на адвокат Аце Ѓоршевски со која тој прејудицира некаква незаконитост доколку би поминал предлогот на акционерот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје, не е јасно за каква незаконитост станува збор, односно прашањето за владеачко друштво и еднаква состојба на акционерите во Собранието на акционерите не е во онаа насока во која адвокатот Аце Ѓоршевски го толкува. Изјави дека еднаквоста се толкува во можноста секој од акционерите да учествува во работата на Собранието, да учествува во изборот на органите, да носи одлуки, правото да биде избран, но на крајот одлуките во акционерското собрание се донесуваат согласно мнозинство кое е утврдено со закон. Понатаму, изјави дека во конкрениот случај за избор на членови на Одборот на директори на кои што им престанал мандатот поради неодобрување на работата се врши со мнозинство на гласови. Во однос на тоа, дали во понатамошниот тек на работата доколку на овој начин помине гласањето, ќе се водат судски постапки, адвокат Панче Нефтенов од Скопје изјави дека токму за тоа постојат судовите да решаваат спорови меѓу оние кои не се задоволни. Освен тоа, напомена дека друштвото се става во состојба на водење на спорови во оној момент кога мнозинскиот акционер М-6 Светлана и останати ДОО Скопје презема одговорност тој да управува со друштвото,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд Охрид
НОТАР
ВАСИЛ
КУЗМАНОСКИ



па му постави прашање на адвокат Аце Ѓоршевски дали во периодот кога Претседател на Одбор на директори и Главниот извршен директор на АД Охридтурист Охрид доаѓаа од еден акционер, дали тогаш постоеа спорови, односно дали некој ја доведувал под сомнение работата на тогашниот Претседател на Одбор на директори и Главниот извршен директор на АД Охридтурист Охрид и дали не е време да му се даде доверба на мнозинскиот акционер бидејќи како мнозински акционер има можност да ги избере предложените членови, па да се виде како тој ќе работи-------------------
За збор се јави адвокат Аце Ѓоршевски за да одговори на прашањата на адвокатот Панче Нефтенов и тоа во делот дали нема потреба да се даде доверба на мнозинскиот акционер и какво било работењето претходно кога во органите на Охридтурист АД Охрид партиципирал и Екстра Скопско ДООЕЛ преку свои претставници. Имено, изјави дека во периодот од 2001 година цели седумнаесет години кога Претседател на Одбор на директори бил Колески Кире, во еден период извршен директор Рахман Џемал со право и полна одговорност, а од аспект на решавање на сите прблеми со кои се соочиле фирми и кои фирми пропаднале, имајќи во предвид спорови со акционери, процеси на денационализација, процеси на приватизација, процеси на запишување на недвижниот имот кој бил спорен и оспоруван во повеќе постапки и при невпишан имот во катастар, се завршиле постапките беспрекорно онака како што секој би посакал да се заврши постапка во интерес на сите акционери. Изјави дека за сето ова што го кажувал имало документација во друштвото и истата може да се провери. Воедно изјави дека, кога зборувал за правата на акционерите направил разлика и изјави дека можело да се полемизира правно што е право, права од акции, а што е положба на акционери, но тоа не е исто, тоа законодавецот различно го претставил, посебно во ваков состав и структура на акции преку која се манифестира апсолутна власт и во Собрание и во органи на управување, па оттука неговото укажување било најдобронамерно. Изјави дека еден претставник на Екстра Скопско ДООЕЛ во Одборот на директори на АД Охридтурист Охрид ќе значи не надгласување во органот на управување, туку партиципирање во работење од аспект на носење на одлуки, од аспект на евиденција што е во интерес на сите акционери. Адвокат Аце Ѓоршевски наведе дека зборувал за околноста каде што кога би имало партиципација во орган и каде што ќе се сугерира, предлага и слично, би се избегнала една сфера непотребна со преписки па и судски епилог. Понатаму, во однос на прашањето дали би се дала доверба на акционерот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје, адвокат Аце Ѓоршевски изјави дека поинаку би го поставил прашањето, и запраша што се плаши акционерот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје, во учествувањето на Екстра Скопско ДООЕЛ во органите на управувањето, бидејќи од учеството на Екстра Скопско ДООЕЛ може да има само придобивка, а не кочење во работата. Изјави, дека не се согласува со констатацијата дека ниту законитоста е запазена ниту се запазени други компоненти во делот на работењето, а укажа на одговорноста, а имало и на другите записници каде е укажано на одговорност и на процедура и на повреда на пропис законски и не би сакал да се докажува, но доколку се оцени дека имало потреба тоа било работа на друга институција, меѓутоа акционерот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје треба да даде одговор зошто бега од тоа да се прифати предлог од акционер кој има 30 % од акциите да партиципира со еден член во Одборот на директори----------------------------------------------------------------------------
За збор се јави адвокат Панче Нефтенов од Скопје кој изјави дека она што полномошникот на акционерот Екстра Скопско ДООЕЛ го навел како успех во работата на претходното раководство станува збор за тековни работи.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
За подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ВАСИЛ
КУЗМАНОСКИ



Изјави дека не треба да се заборава дека работата на претходните членови на Одборот на директори на минатото Собрание не била одобрена, имало Одлука на неодобрување на работа на членови на Одбор на директори, на која што поголемиот дел биле членови предложени, односно го застапувале акционерот Екстра Скопско ДООЕЛ-----------------------------------------------------------
За збор се јави адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека не сите членови на кои не им била одобрена работата произлегувале од акционерот Екстра Скопско ДООЕЛ, на што адвокат Панче Нефтенов изјави дека биле двајца и тоа едниот Претседател на Одбор на директори, а другиот Главниот извршен директор на АД Охридтурист Охрид-----------------------------------------------------------
Претседавачот Миле Бундевски изјави дека изборот на членовите на Одборот на директори се врши врз основа на член 383 од Законот за трговските друштва и член 44 од Статутот на Хотелско-угостителското акционерско друштво "ОХРИДТУРИСТ"-ОХРИД. Мандатот на членовите на Одборот на директори е за период од 4 (четири) години од денот на изборот со можност да бидат повторно избрани без разлика на тоа за колку мандати претходно биле избрани. Членовите во Одборот на директори ги вршат должностите, работите и овластувањата од нивната надлежност предвидени во Сатутот на друштвото, Законот за трговски друштва, другите позитивни прописи и акти на друштвото. Изјави дека со Одлуката ќе биде овластен извршниот член на Одборот на директори да биде потписник на документацијата и да ополномошти регистрационен агент за поднесување на пријава за упис на промените, составот и членството во Одборот на директори во трговскиот регистар.-----------------------------
Друг не се јави за збор и расправата беше заклучена и се премина кон гласање-----------------------------------------------------------------------------------
Се гласаше јавно и тоа по азбучен ред за секој од петте кандидати поединечно со податоци како во предлозите и тоа:---------------------------------------
-Се гласаше јавно за кандидатот за неизвршен член на Одбор на директори на АД "Охридтурист" Охрид-**Аце Ѓоршевски** од Охрид, со адреса на живеење на улица "Партизанска" број 63 Охрид со ЕМБГ 1009966430002 и број на л.к. А1787043 издадена од МВР Охрид на ден 13.12.2014 година, занимање-Адвокат во Охрид, при што За" гласале 50.640 гласови, "Против" 87.738 гласови и "Воздржани" нема-----------------------------------------------------------------
-Се гласаше јавно за кандидатот за неизвршен член на Одбор на директори на АД "Охридтурист" Охрид-**Борче Илиоски** од Кичево, со адреса на живеење на улица "11 Октомври" број 61/1-8 Кичево, роден на ден 16.02.1984 година, со ЕМБГ 1602984433003, занимање магистер телекомуникации-Технички универзитет Софија, при што За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.193 гласови и "Воздржани" 447 гласови----------------------------------------------------------
-Се гласаше јавно за кандидатот за неизвршен член на Одбор на директори на АД "Охридтурист" Охрид-**Филип Медарски** од Скопје, со адреса на живеење на улица "Бул.Партизански Одреди" број 21/3-31 Скопје, роден на ден 30.09.1977 година, со ЕМБГ 3009977450037, занимање Адвокат-адвокатска канцеларија "Филип Медарски"-Скопје, при што За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.193 гласови и "Воздржани" 447 гласови-----------------------------------
-Се гласаше јавно за кандидатот за неизвршен член на Одбор на директори на АД "Охридтурист" Охрид-**Снежана Славкова** од Скопје, со адреса на живеење на улица "Булевар Илинден" број 97/1-9 Скопје, родена на ден 24.12.1951 година, со ЕМБГ 2412951455001, занимање ВСС дипломиран технолог, при што За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.193 гласови и "Воздржани" 447 гласови-----------------------------------------------------------------
-Се гласаше јавно за кандидатот за неизвршен член на Одбор на директори

ОДУ
реден број 169/21
(Извод)

на АД "Охридтурист" Охрид-**Оливера Ставрова** од Кавадарци, со адреса на живеење на улица "Едвард Кардељ" број 17/17 Кавадарци, родена на ден 29.08.1968 година, со ЕМБГ 2908968488006, занимање ВСС дипломиран економист, при што За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.193 гласови и "Воздржани" 447 гласови--------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека со по 87.738 гласови "За" е избран новиот состав на Одборот на директори на АД Охридтурист Охрид кој го сочинуваат: Борче Илиоски, Филип Медарски, Снежана Славкова и Оливера Ставрова**-----------------------

По исцрпувањето на дневниот ред седницата заврши во 12.47 часот--------------

Овој Записник лично го составив се состои од девет страници и девет листа, му го прочитав на Претседавачот Миле Бундовски и го предупредив на правните последици на оваа правна работа--------------------------------------------------

Претседавачот Миле Бундовски изјави дека ги прифаќа правните последици кој произлегуваат од оваа правна работа и дека содржина на овој Записник во целост одговара на вистинската состојба-------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој Записник----------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач: МИЛЕ БУНДОВСКИ с.р.---------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој извод го споредив со оригиналот кој се наоѓа во моите списи и утврдив дека целосно се поклопува со оригиналот. Овој е прв извод-----------------------------------------------------------------------------------------------

По составувањето на Записникот, издадени се три изводи за Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид------------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријатот во износ од петстотини денари е наплатена и евидентирана во Дневна спецификација за извршена уплата на судска такса-----------------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда согласно член 41 и член 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од дванаесетилјади денари и трошоци во износ од осумстотиниидесет денари-------------------------------------------------------------------

ОДУ реден број 169/21 (Извод)----------------------------------------------------------------

Охрид 17.03.2021 година (ден седумнаесетти, месец март, двеилјади дваесетипрва година)-------------------------------------------------------------------------

**Нотар Васил Кузманоски**

РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ ОХРИД

Јас НОТАР, **ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ**
Бул.Македонски Просветители бр.5 Охрид
(име, презиме и седиште-адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени / преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 169/21

Во Охрид, 17.03.2021 година

НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ ОХРИД

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ ОХРИД

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото ден 22.09.2021 година ја донесе следната

# **О Д Л У К А**

За Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 03.09.2020 година и Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 17.03.2021 година на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД

1. СЕ УСВОЈУВА Записникот од седницата на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД одржано на ден 03.09.2020 година од нотар Гордана Дескоска од Охрид ОДУ.бр.229/2020 од 03.09.2020 година.

2.СЕ УСВОЈУВА Записникот од седницата на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД одржано на ден 17.03.2021 година од нотар Васил Кузмановски од Охрид ОДУ.бр.169/2021 од 17.03.2021 година.

3. Составен дел на оваа одлука е Записникот од седницата на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД одржано на ден 03.09.2020 година од нотар Гордана Дескоска од Охрид ОДУ.бр.229/2020 од 03.09.2020 година и Записникот од седницата на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД одржано на ден 17.03.2021 година од нотар Васил Кузмановски од Охрид ОДУ.бр.169/2021 од 17.03.2021 година.

4.Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

**3.Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа:**

Извештај за остварени резултати завршната сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2020 година,

Извештај од извршена контрола на ревизорска кука ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2020 година,

Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2020 година,

Извештај за работа на Одборот на директори во 2020 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2020 година и одлучување по:

- Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2020 година;
- Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2020 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска кука ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2020 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2020 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2020 година.

**И З В Е Ш Т А Ј**

За работењето во деловната 2020 година

Врз основа на член 352 од Законот за трговски друштва, извршниот член на Одборот на директори на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,, - Охрид до Одборот на директори доставува годишен извештај за работењето на друштвото во деловната 2020 година, со цел Собранието на акционери на годишното собрание на акционери да одлучува за одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Имајќи ги во предвид неповолните услови и ограничените можности за финансирање во услови на пандемијата од COVID 19, договорите за давање под закуп на објектите во сопственост на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,, - Охрид вклучуваа и обврска за ангажирање на постојните вработени лица во друштвото, а со тоа и преземање на обврските согласно Законот за работни односи и колективниот договор. Со овој пристап се обезбеди редовна исплата на бруто платата и навременото измирување на обврските кон добавувачите и институциите на државата.

Поради намален број на вработени, по доставувањето на годишната сметка за 2019 година од страна на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, во Централниот регистар големината на субјектот е промената од среден во мал субјект.

Целта на изготвувањето на годишната сметка е да се утврди финансискиот резултат од работењето врз основа на утврдените приходи и расходи во 2020 година.

Вкупната актива на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид со состојба на ден 31.12.2020 година изнесува 398.191.992,00 денари и ја сочинуваат материјални средства, тековни средства и пресметани трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР).

## СТРУКТУРА НА АКТИВА

| р. бр | ОПИС | 2019 | | 2020 | | 2020 вс 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Износ во мк | % | Износ во мк | % | % |
| 1 | НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | | | | | |
| 2 | МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 393.702.061,00 | 95,19% | 373.573.940,00 | 93,82% | 94,89% |
| | Земјиште | 18.426.543,00 | 4.46% | 18,426.543,00 | 4,93% | 100,00% |
| | Градежни објекти | 340.855.616,00 | 82,41% | 325.167.738,00 | 87,04% | 95,40% |
| | Постројки и опрема | 19.948.391,00 | 4,82% | 14.768.468,00 | 3,95% | 74,03% |
| | Материјал.с-ва во подготовка | 14.471.511,00 | 3,50% | 15.211.191,00 | 4,07% | 105,11% |
| 3 | ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 19.298.751,00 | 4,67% | 24.561.351,00 | 6,17% | 127,27% |
| | залихи | 7.182.503,00 | 1,74% | 5.749.129,00 | 23,41% | 80,04% |
| | Краткорочни побарувања | 5.581.722,00 | 1,35% | 10.688.939,00 | 43,52% | 191,50% |
| | Парични средства | 6.534.526,00 | 1,58% | 8.123.283,00 | 33,07% | 124,31% |
| 4 | ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ | 602.976,00 | 0,15% | 56.701,00 | 0,01% | 9,40% |
| | ВКУПНО | 413.603.788,00 | 100,00 % | 398.191.992,00 | 100,00% | 96,27% |

Во материјални средства спаѓаат: земјиште, градежни објекти, постројки и опрема и канцелариски инвентар и мебел.

Земјиштето има неограничен век на употреба и изнесува 18.426.543,00 денари.

Под градежни објекти се подразбираат зградите и другите објекти кои служат за извршување на функцијата на друштвото и се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на градежните објекти ја сочинуваат набавната вредност на добавувачот зголемена за зависните трошоци. Во структурата на вкупната актива градежните објекти учествуваат со 87,04% и изнесуваат 325.167.738,00 денари.

Под опрема се подразбираат предмети кои служат за извршување на дејноста на друштвото, чиј век на траење е подолг од една година, а поединечната вредност е поголема од две просечни плати во РС Македонија. Постројките и опремата се делови од материјалните средства на друштвото и на крајот од деловната 2020 година изнесуваат 14.768.468,00 денари.

Во тековни средства спаѓаат залихи на суровини и материјали, ситен инвентар, краткорочни побарувања и парични средства. Залихите на суровини и материјали и ситен инвентар во деловната 2020 година изнесуваат 5.749.129,00 денари. Краткорочните побарувања ги сочинуваат побарувањата од купувачи, побарувања од вработени и останати побарувања. Побарувањата од купувачи изнесуваат 10.688.939,00 денари и бележат пораст од 91,50% во однос на 2019 година. Паричните средства со состојба на 31.12.2020 година изнесуваат 8.123.283,00 денари. Под парични средства се подразбираат

оние парични средства со кои располага друштвото, а кои се наоѓаат кај банките и благајната на друштвото на ден 31.12.2020 година.

Платените трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) ги опфаќаат трошоците кои однапред се платени, а се однесуваат на идни пресметковни периоди и изнесуваат 56.701,00 денари и се однесуваат на полиси за осигурување на објектите.

СТРУКТУРА НА ПАСИВА

| р. бр | ОПИС | 2019 | | 2020 | | 2020 вс 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Износ во мк | % | Износ во мк | % | % |
| 1 | ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ | 399.469.505,00 | 96,58% | 383.130.035,00 | 96,22% | 95,91% |
| 2 | ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 367.599.912,00 | 88,88% | 367.599.912,00 | 95,95% | 100,00% |
| | Сопствени акции (-) | 11.410,396,00 | 2,76% | 11.410.396,00 | 2,98% | 100,00% |
| | Ревалоризациска резерва | 350.884.760,00 | 84.84% | 350.884.760,00 | 91,58% | 100,00% |
| | Резерви | 2.366.088,00 | 0,57% | 2.366.088,00 | 0,62% | 100,00% |
| | Акумулирана добивка | 5.722.309,00 | 1,38% | 5.722.309,00 | 1,49% | 100,00% |
| 3 | ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | 305.512.829,00 | 73,79% | 315.693.168,00 | 82,40% | 103,43% |
| | Добивка за деловната година | - | - | - | - | - |
| 4 | ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 10.480.349,00 | 2,53% | 16.339.470,00 | 4,26% | 155,91% |
| 5 | КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 2.821.499,00 | 0,68% | 2.643.657,00 | 0,66% | 93,70% |
| 6 | ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ | 11.312.784,00 | 2,74% | 12.418.300,00 | 3,12% | 109,77% |
| | ВКУПНО | 413.603.788,00 | 100,00% | 398.191.992,00 | 100% | 96,27% |

Вкупната пасива ја претставуваат изворите на главнината и резервите, краткорочните обврски и одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР).

Запишаниот капитал се искажува по номинална вредност и ги содржи обичните акции, законските резерви, ревалоризационите резерви и акомулираната добивка и загуба и изнесува 383.130.035,00 денари.

Краткорочните обврски во деловната 2020 година изнесуваат 2.643.657,00 денари и се однесуваат на име обврски спрема добавувачите, обврски по основ за бруто плати, даноци и придонеси на плата и на надомести на плата за месец декември 2020 година.

Обврските на име бруто плати, даноци и придонеси на плата за месец декември 2020 година се исплатени во месец јануари 2021 година.

Под приходи на идните периоди, односно пасивни временски разграничувања се сметаат оние парични средства што се однесуваат на подолг временски период (однапред

платени закупнини, однапред пресметани трошоци-грант) и во 2020 година изнесуваат 12.418.300,00 денари. Меѓу позначајните приходи кои од 2020 година се пренесени за 2021 година по основ на закупнини се однесуваат на следните закупци: ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ Охрид, Филип ДООЕЛ Охрид, Тинекс-МТ ДОО Скопје, ЗООМ ДООЕЛ Охрид, Семафор Комерц-Р и Спорт Лаиф.

Приходите во деловната 2020 година изнесуваат 39.798.641,00 денари и се резултат на приходи остварени од продажба на услуги во земјата, приходи од наемнини и останати приходи од работењето.

Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 56,15%, во износ од 22.348.918,00 денари имаат приходите остварени од наемнини и приходите остварени од префактурирање на струја, бруто плата, вода, осигурување и сл. на закупците во износ од 14.900.434,00 денари со учество од 37,44%.

Во приходите не се пресметуваат износите на данокот на додадена вредност кои се наплатуваат заедно со продажната цена.

По основ на префактурирана бруто плата од закупците, остварени се приходи во износ од 6.083.927,00 денари и тоа:

- ,,Филип,,-Охрид за р. Билјанини извори - 1.531.558,00 денари;
- ,,Теди Комерц,, за хотел ,,Десарет,, - 2.978.305,00 денари;
- ,,Кампинг 2020,, за Автокамп ,,Љубаништа,, - 1.574.064,00денари;

Приходите по основ на префактурирање на струја изнесуваат 7.349.841,00 денари.

Во делот на изнајмувањето на деловен простор со секој закупец е склучен договор за закуп во кој е регулиран начинот на плаќање на закупнината (годишно, на 6 месеци, на 3 месеци или месечно), односно закупнината која се однесува за три месеци, шест месеци или годишно се евидентира на сметката однапред наплатени приходи, односно однапред пресметани приходи во тековниот период кои се однесуваат за наредниот период.

Во 2020 година по Договор со Влада на РСМ во хотел Десарет беа сместени лица во државен карантин и по тој основ се оствари ја приходи во износ од 1.607.200,00 денари.

Од паркинг остварени се приходи во износ од 207.119,00 денари.

Приходите од наплатени отпишани побарувања во текот на деловната 2020 година изнесуваат 18.000,00 денари. Еден од основните предуслови за признавање на приходите е да постои доволен степен на извесност дека истите ќе се наплатат. Доколку наплатата на некое побарување е неизвесна или спорна, тоа побарување делумно или целосно треба да се отпише. Приходите од наплатени отпишани побарувања се однесуват на наплатени побарувања од Планет Холидеј по И.бр. 660/11.

Дополнително утврдените приходи од поранешни години изнесуваат 91.133,00 денари и се резултат од наплатени побарувања од судски постапки.

Вкупните расходи во периодот 01.01.2020-31.12.2020 година изнесуваат 56.138.111,00 денари и ги сочинуваат расходите од работењето и финансиски расходи.

Во расходи од работењето се вклучени: трошоците за суровини и материјали, трошоците за услуги, плата и останати трошоци од работењето, трошоци за амортизација, останати трошоци од работењето и останати расходи.

Во трошоци за суровини и материјали се вклучени трошоците направени за набавка на материјали при сместување и давање услуги на лица во државен карантин во хотел Десарет и изнесуваат 470.878,00 денари, додека трошоците за набавка на нафта во тој период изнесуваат 290.654,00 денари.

Трошоците за материјали во анализираниот период изнесуваат 152.209,00 денари од кои 54.366,00 денари се за канцелариски материјали (хартија, регистратори, тонери и сл.), 56.543,00 денари материјали и средства за одржување и чистење и 41.300,00 денари се трошоци за набавка на работна облека.

За периодот јануари-декември 2020 година, трошоците за енергија изнесуваат 7.404.821,00 денари, од кои за електрична енергија се потрошени 7.328.828,00 денари, за бензин и моторно масло 19.861,00 денари, трошоците за гориво за патничко возило 48.475,00 денари и останати трошоци за енергија во износ од 27.518,00 денари и тоа по сметки од ЕВН за комунална такса за јавно осветлување.

Во трошоци за услуги спаѓаат: транспортни услуги, поштенски и телефонски услуги, услуги за одржување и заштита, комунални услуги и останати услуги.

За поштенски услуги на Македонска пошта се исплатени средства во износ од 15.550,00 денари, на Македонски телеком и Т-Мобиле-Македонија се исплатени средства во износ од 156.088,00 денари.

Со одлука, Одборот на директори ја има утврдено стапката за отпис на ситен инвентор од 20% и во 2020 година изнесува 1.515.544,00 денари.

За услуги за одржување и заштита се издвоени средства во износ од 192.045,00 денари и тоа за услуги за тековно одржување платено е 155.587,00 денари, за трошоци за одржување на хардвер и софтвер износ од 26.500,00 денари и трошоци за одржување на патнички автомобили во износ од 9.958,00 денари.

Комуналните услуги изнесуваат 1.786.552,00 денари и ги опфаќаат трошоците за снабдување со вода во износ од 1.178.364,00 денари исплатени на ЈП Водовод, трошоците за изнесување на смет и фекалии во износ од 301.195,00 денари се исплатени на ЈП Комуналец, трошоците за одводнување и прочистување на отпадни и атмосферски води изнесуваат 296.543,00 денари и се исплатени на ЈП ,,Нискоградба,,-Охрид и трошоци за дератизација и дезинфекција во износ од 10.450,00 денари и истите се исплатени наЦентар за јавно здравје ЈЗУ-Охрид.

Во останати услуги спаѓаат: интелектуални услуги, трошоци за регистрација на на возила и останати неспомнати трошоци за услуги. Интелектуалните услуги изнесуваат 578.083,00 денари и ги сочинуваат: трошоците за ревизија во износ од 123.390,00 денари

исплатени на Мур Стивенс - Скопје согласно Одлука на Собрание на акционери и Одлука на Одбор на директори, трошоците за адвокатски услуги изнесуваат 256.502,00 денари и се исплатени на Адвокатите: Бундовски Миле и Нефтеров Панче, трошоците за нотарски услуги во износ од 101.191,00 денари се исплатени на нотарите: Васил Кузманоски, Гордан Гордан Дескоска и Анета Петровска Алексова и трошоци за вештачење во износ од 97.00,00 денари се исплатени на Завод за вештачење Скопје.

За регистрација на патничкото возило Опел Корса и Опел Астра се исплатени 39.987,00 денари.

Бруто платата во периодот јануари-декември 2020 година изнесува 16.829.448,00 денари, а нето платата е 11.008.013,00 денари. Платата редовно се исплаќа на вработените најдоцна до 15-ти наредниот месец за тековниот месец.

Во АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид согласно Статутот на друштвото е воведен едностепен систем на управување. Постои Одбор на директори кој се состои од 5 члена и тоа 4 неизвршни и 1 извршен член. Извршниот член на Одборот на директори е и Генерален директор на друштвото.

Согласно член 384 од Законот за трговски друштва годишните примања на членовите на органите на управување на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид (Одбор на директори) се следни:

| р.бр. | Презиме и име | Раб.однос | Својство | Охридтурист | | Примања од други друштва | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Нето плата | Други примања | Нето плата/ пензија | Други примања | Примања за членување во органи | Примања врз основ на договор |
| 1 | Борче Илиоски | ___________ | Неизвршен член | | 61.695 | 1.476.000 | 14.728 | | |
| 2 | Снежана Славкова | __________ | Неизвршен член | | 61.695 | 942.000 | 14.728 | | |
| 3 | Филип Медарски | _________ | Неизвршен член | | | | | | |
| 4 | Златко Ивановски | ___________ | Неизвршен член | | 61.695 | 1.053.729 | 387.308 | | |
| 5 | Оливера Ставрова | ____________ | Извршен член | | 61.695 | 1.038.280 | 311.323 | 135.000 | |

Со Одлука на Собрание на акционери бр. 02-50/5 се одобрува исплата на награда за вршење на функциите на членовите во Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, по седница, во висина од 100 ЕУР во денарска противвредност според среден курс на НБМ и трошоците во 2020 година изнесуваат

342.760,00 денари. Со Одлука на Одбор на директори исплатени се 50.000,00 денари за донации.

За пензионирање на вработени во АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид се исплатени средства во износ од 155.726,00 денари.

За регрес за годишен одмор за 2020 година на вработените согласно одлука на Одбор на директори се исплатени средства во износ од 552.240,00 денари.

Амортизацијата за периодот јануари-декември 2020 година изнесува 21.106.888,00 денари. Амортизацијата всушност претставува сукцесивно трошење на постојаните средства во зависност од нивниот век на употреба. Со трошокот на амортизацијата всушност во пресметковниот период се пренесува дел по дел од набавната вредност на материјалните средства.

Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност, односно ревалоризационата вредност на средствата утврдена во согласност со прописите. Обврската за пресметување на амортизацијата престанува кога ќе се надомести вредноста која претставува основица за пресметување на амортизацијата, односно кога износот на набавната вредност на средствата е еднаков со отпишаната вредност и се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со номенклатурата за амортизација.

Дневниците за службени патувања во земјата до пропишаниот неоданочив износ изнесува 6.383,00 денари и патни трошоци за службено патување во земјата и странство се во износ од 33.949,00 денари.

Трошоци за организирана исхрана на вработени во хотел Десарет изнесува 34.667,00 денари.

Надоместоците на трошоци на вработените за огранизиран превоз до и од работа изнесуваат 168.240,00 денари.

За задолжителни систематски лекарски прегледи на вработените се исплатени 23.200,00 денари, обврска која е задолжителна на секои 24 месеци.

Трошоците за репрезентација за 2020 година изнесуваат 93.574,00 денари.

За осигурување на објектите на КЈУБИ Македонија се исплатени 680.432,00 денари. За банкарски услуги и трошоци на платен промет се исплатени 51.839,00 денари.

За данок на имот за 2020 година се платени 2.571.886,00 денари.

На Централен депозитар за хартии од вредност АД-Скопје се исплатени 39.340,00 денари за годишен надомест за водење на евиденција за акциите и за надомест за изработка и доставување на податоци (акционерска книга) во хартиена форма и за издавање на акционерска книга во хартиена форма. Трошоците за фирмарина изнесуваат 16.000,00 денари.

Трошоци за објава на огласи во весниците Вечер и Нова Македонија изнесуваат 89.665,00 денари. За обука за БЗР на Сејф Контрол Консалт исплатено е 25.800,00 денари. За спасувачи на плажа пред хотел Орце Николов исплатено е 87.023,00 денари на Црвен Крст Охрид. Трошоци исплатени по основ Договор за дело за уредување на просторот во Автокамп Љубаништа исплатено е 70.111,00 денари.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид деловната година ја заврши со загуба во износ од 16.339.470,00 денари поради повисоките направени расходи во однос на реализираните приходи.

Повисоката загуба во 2020 година во однос на 2019 година односно повисоки расходи во однос на приходи се должат на временскиот период од месец јануари до месец јуни кога објектите: хотел Десарет и Автокамп Љубаништа не беа издадени под закуп, а трошоците беа на товар на А,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид. Исто така се зголемени и трошоците за амортизација на постојните средства и трошоцита за бруто плата поради пораст на минималната плата на вработените.

Во текот на деловната 2020 година расходите изнесуваат 56.138.111,00 денари и се намалени за 4.248.199,00 денари, односно за 7,04% во однос на 2019 година, кога изнесуваа 60.386.310,00 денари.

Вкупните приходи во текот на 2020 година изнесуваат 39.798.641,00 денари со пад од 20,25% во однос на остварените приходи во 2019 година кога изнесуваа 49.905.961,00 денари, односно за 2020 година намалени се приходите за износ од 10.107.320,00 денари.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,

Борче Илиоски

- **Предлог одлука за Усвојување на Извештај за остварените резултати и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2020 година.**

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото на ден 22.09.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За усвојување на Извештајот за остварените резултати и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2020 година.

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за остварените резултати завршната сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2020 година.

2. Составен дел на оваа одлука е Извештајот за остварените резултати на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД и годишната пресметка од работењето во 2019 година.

3. Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

ХОТЕЛСКО УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО "ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 05 - 49
12.03.2021 год.
ОХРИД

Штембил - Архив. знак: 0501
Рок на чување: трајно
12.03.2021 г. Потпис

ЕМБС: 04058844
Целосно име: Хотелско - угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2020

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031) | 373.573.940,00 | | | 393.702.061,00 |
| 9 | - - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019) | 373.573.940,00 | | | 393.702.061,00 |
| 10 | - - Недвижности (011+012) | 343.594.281,00 | | | 359.282.159,00 |
| 11 | - - Земјиште | 18.426.543,00 | | | 18.426.543,00 |
| 12 | - - Градежни објекти | 325.167.738,00 | | | 340.855.616,00 |
| 13 | - - Постројки и опрема | 2.278.254,00 | | | 3.210.440,00 |
| 15 | - - Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел | 12.490.214,00 | | | 16.737.951,00 |
| 18 | - - Материјални средства во подготовка | 15.211.191,00 | | | 14.471.511,00 |
| 36 | - - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059) | 24.561.351,00 | | | 19.298.751,00 |
| 37 | - - I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043) | 5.749.129,00 | | | 7.182.503,00 |
| 38 | - - Залихи на суровини и материјали | 27.708,00 | | | 23.967,00 |
| 39 | - - Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 5.663.429,00 | | | 7.100.544,00 |
| 42 | - - Залихи на трговски стоки | 57.992,00 | | | 57.992,00 |
| 45 | - - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051) | 10.688.939,00 | | | 5.581.722,00 |
| 47 | - - Побарувања од купувачи | 9.084.230,00 | | | 3.842.562,00 |
| 48 | - - Побарувања за дадени аванси на добавувачи | | | | 55.257,00 |
| 49 | - - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 1.578.967,00 | | | 1.658.161,00 |
| 50 | - - Побарувања од вработените | 25.742,00 | | | 25.742,00 |
| 59 | - - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ | 8.123.283,00 | | | 6.534.526,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061) | | | |
| 60 | - - Парични средства | 8.123.283,00 | | 6.534.526,00 |
| 62 | - - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 56.701,00 | | 602.976,00 |
| 63 | - - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062) | 398.191.992,00 | | 413.603.788,00 |
| 65 | - - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078) | 383.130.035,00 | | 399.469.505,00 |
| 66 | - - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 367.599.912,00 | | 367.599.912,00 |
| 68 | - - III. СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-) | 11.410.396,00 | | 11.410.396,00 |
| 70 | - - V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 350.884.760,00 | | 350.884.760,00 |
| 71 | - - VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074) | 2.366.088,00 | | 2.366.088,00 |
| 72 | - - Законски резерви | 2.366.088,00 | | 2.366.088,00 |
| 75 | - - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 5.722.309,00 | | 5.722.309,00 |
| 76 | - - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-) | 315.693.168,00 | | 305.212.819,00 |
| 78 | - - X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 16.339.470,00 | | 10.480.349,00 |
| 81 | - - Б. ОБВРСКИ (082+085+095) | 2.643.657,00 | | 2.821.499,00 |
| 95 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108) | 2.643.657,00 | | 2.821.499,00 |
| 97 | - - Обврски спрема добавувачи | 601.568,00 | | 1.171.829,00 |
| 98 | - - Обврски за аванси, депозити и кауции | 307.516,00 | | 307.516,00 |
| 99 | - - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати | 410.624,00 | | 430.211,00 |
| 100 | - - Обврски кон вработените | 856.228,00 | | 910.334,00 |
| 101 | - - Тековни даночни обврски | 466.201,00 | | |
| 108 | - - Останати краткорочни обврски | 1.520,00 | | 1.609,00 |
| 109 | - - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР) | 12.418.300,00 | | 11.312.784,00 |
| 111 | - - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110) | 398.191.992,00 | | 413.603.788,00 |

## Биланс на успех

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206) | 39.798.641,00 | | | 49.905.961,00 |
| 202 | - - Приходи од продажба | 24.528.296,00 | | | 27.240.483,00 |
| 203 | - - Останати приходи | 15.270.345,00 | | | 22.665.478,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 207 | - - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222) | 56.126.819,00 | | | 60.380.427,00 |
| 208 | - - Трошоци за суровини и други материјали | 9.936.949,00 | | | 15.144.012,00 |
| 211 | - - Услуги со карактер на материјални трошоци | 2.813.959,00 | | | 1.816.821,00 |
| 212 | - - Останати трошоци од работењето | 4.265.716,00 | | | 5.205.621,00 |
| 213 | - - Трошоци за вработени (214+215+216+217) | 17.806.183,00 | | | 17.025.792,00 |
| 214 | - - Плати и надоместоци на плата (нето) | 11.347.659,00 | | | 10.917.653,00 |
| 215 | - - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 762.854,00 | | | 713.927,00 |
| 216 | - - Придонеси од задолжително социјално осигурување | 4.718.935,00 | | | 4.423.630,00 |
| 217 | - - Останати трошоци за вработените | 976.735,00 | | | 970.582,00 |
| 218 | - - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 21.106.888,00 | | | 20.327.041,00 |
| 220 | - - Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства | | | | 839.129,00 |
| 222 | - - Останати расходи од работењето | 197.124,00 | | | 22.011,00 |
| 234 | - - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243) | 11.292,00 | | | 5.883,00 |
| 239 | - - Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 5.605,00 | | | 791,00 |
| 243 | - - Останати финансиски расходи | 5.687,00 | | | 5.092,00 |
| 247 | - - Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244) | 16.339.470,00 | | | 10.480.349,00 |
| 251 | - - Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248) | 16.339.470,00 | | | 10.480.349,00 |
| 256 | - - НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254) | 16.339.470,00 | | | 10.480.349,00 |
| 257 | - - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 45,00 | | | 47,00 |
| 258 | - - Број на месеци на работење (во апсолутен износ) | 12,00 | | | 12,00 |
| 270 | - - Загуба за годината | 16.339.470,00 | | | 10.480.349,00 |
| 291 | - - Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269) | 16.339.470,00 | | | 10.480.349,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 609 | - - Земјишта | 18.426.543,00 | | | 18.426.543,00 |
| 612 | - - Сегашна вредност на градежни објекти од високоградба кои се користат за вршење дејност (< или = АОП 012 од БС) | 324.500.884,00 | | | 340.163.677,00 |
| 613 | - - Сегашна вредност на објекти од нискоградба (< или = АОП 012 од БС) | 666.853,00 | | | 691.939,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 615 | - - Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 013 од БС) | 200.284,00 | | | 220.497,00 |
| 629 | - - Останати побарувања од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или= АОП 034+АОП 035+АОП 047+АОП 049+АОП 051+АОП 062 ОД БС) | 1.578.967,00 | | | 1.658.161,00 |
| 630 | - - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси и останати побарувања од сите субјекти во земјата и странство (< или=АОП 006+АОП 017+АОП 030+АОП 034+АОП 035+ АОП 046+ АОП 047+АОП 049+ АОП 050+АОП 051+АОП 057+АОП 062 ОД БС) | 9.166.673,00 | | | 4.471.280,00 |
| 631 | - - Основна главнина (сопственички капитал) во удели поседувани од други трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата (< или =АОП 065 од БС) | 367.599.912,00 | | | 367.599.912,00 |
| 639 | - - Обврски по основ на трговски кредити, аванси и останати обврски кон сите субјекти во земјата и странство (вкупно) (< или=АОП 092+АОП 093+АОП 094+ АОП 096+ АОП 097+ АОП 098+ АОП 099+ АОП 100+ АОП 101+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС) | 2.643.657,00 | | | 2.821.499,00 |
| 643 | - - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар (< или = АОП 202 од БУ) | 2.179.378,00 | | | 418.616,00 |
| 647 | - - Приходи од наемнина (< или = АОП 202 од БУ) | 22.348.918,00 | | | 26.141.087,00 |
| 658 | - - Приходи од субвенции (< или = АОП 203 од БУ) | 41.022,00 | | | |
| 661 | - - Останати приходи од работењето (< или = АОП 203 од БУ) | 15.138.190,00 | | | 22.665.478,00 |
| 663 | - - Приходи од поранешни години (< или = АОП 203 од БУ) | 91.133,00 | | | 99.528,00 |
| 669 | - - Огрев, гориво и мазива (< или = АОП 208 од БУ) | 358.990,00 | | | 40.151,00 |
| 670 | - - Прехранбени артикли (< или = АОП 208 од БУ) | 432.891,00 | | | 15.273,00 |
| 671 | - - Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ) | 54.366,00 | | | 51.554,00 |
| 673 | - - Униформи-заштитна облека и обувки (< или = АОП 208 од БУ) | 41.300,00 | | | |
| 674 | - - Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ) | 94.530,00 | | | 50.028,00 |
| 675 | - - Вода (< или = АОП 208 од БУ) | 1.178.364,00 | | | 309.944,00 |
| 676 | - - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ) | 7.356.346,00 | | | 9.524.259,00 |
| 679 | - - Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) (< или = АОП 208 од БУ) | 1.515.544,00 | | | 5.462.747,00 |
| 680 | - - Транспортни услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ) | 2.366,00 | | | 1.475,00 |
| 682 | - - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ) | 15.550,00 | | | 10.855,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 684 | - - Надворешни услуги за изработка на производи (вон производство) (< или = АОП 211 од БУ) | 9.138,00 | | | 26.517,00 |
| 687 | - - Наемнини за опрема (< или = АОП 211 од БУ) | | | | 402.425,00 |
| 691 | - - Вкалкулирани надомести за време на боледување | 102.658,00 | | | 82.100,00 |
| 692 | - - Надоместоци за отпремнина при заминување во пензија (< или = АОП 217 од БУ) | 155.726,00 | | | 727.419,00 |
| 695 | - - Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ) | 552.240,00 | | | 526.823,00 |
| 698 | - - Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци (< или = АОП 217 од БУ) | 33.949,00 | | | 4.230,00 |
| 699 | - - Дневници за службени патувања (< или = АОП 217 од БУ) | 6.383,00 | | | 38.464,00 |
| 700 | - - Надомести на трошоците на вработените и подароци (< или = АОП 217 од БУ) | 25.530,00 | | | 55.080,00 |
| 704 | - - Трошоци за организирана исхрана во текот на работа (< или = АОП 217 од БУ) | 34.667,00 | | | |
| 705 | - - Трошоци за организиран превоз до и од работа (< или = АОП 217 од БУ) | 168.240,00 | | | 36.280,00 |
| 707 | - - Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | 342.760,00 | | | |
| 708 | - - Трошоци за спонзорства (< или = АОП 212 од БУ) | 50.000,00 | | | |
| 709 | - - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ) | 93.574,00 | | | 107.351,00 |
| 710 | - - Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ) | 680.432,00 | | | 679.379,00 |
| 711 | - - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ) | 51.839,00 | | | 61.688,00 |
| 712 | - - Даноци кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ) | 2.571.886,00 | | | 2.571.886,00 |
| 714 | - - Членарини на здруженијата во земјата и странство (< или = АОП 212 од БУ) | 22.595,00 | | | 21.636,00 |
| 715 | - - Надоместоци за повремени и привремени работи (< или = АОП 217 од БУ) | 70.111,00 | | | |
| 717 | - - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ) | 436.054,00 | | | 1.428.565,00 |
| 722 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 45,00 | | | 47,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | за тековна година | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2438 | - 55.10 - Хотели и слични објекти за сместување | 39.798.641,00 | | | |

**Потпишано од:**

Mirjana Kuzmanoska
hotelpalas@t.mk
CN=KibsTrust Qualified Certificate Services, OU=Class 2 Managed PKI Individual Subscriber CA, OU=Symantec Trust Network, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KibsTrust Qualified Certificate Services

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

# ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ

**01.01.2020 - 31.12.2020 год.**

## 1.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

- Назив на друштвото,форма на трговско друштво,број на регистарска влошка во Трговскиот регистар:
  **АД ОХРИДТУРИСТ- Охрид ЕМБС 4058844**
- Седиште:
  **Ул.Партизанска бр.8- ОХРИД**
- Промени во регистарската влошка во Трговскиот регистар до периодот на известување;
  **XXXX**
- Позначајни дејности кои ги извршува;
  **55.10 Хотели и слични објекти за сместување**
- Идентификација поврзани субјекти (назив и процентуално учество);
  **XXXX**
- Број на вработени према образование и квалификации;
  **Високо образование 3; Више образование 3; Средно образование 6; Високо квалификувани 2; Квалификувани 21; Полуквалификувани 2; Неквалификувани 8;**
- Сопственичка структура;
  **Приватна сопственост**
- Други релевантни информации за друштвото;
  **XXXX**

## 2.ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА

- Изјава за усогласеност(врз основа на кои стандарди е подготвена годишната сметка);
  **Годишната сметка е подготвена во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на РМ„ бр.159/09,64/10 и 107/11 кои се применуваат во Република Македонија согласно Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ„ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/2, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14 , 38/14 и 61/16 ).**
- Информација дали годишната сметка е поединечна или консолидирана;
  **Годишната сметка е поединечна.**

- Валута на презентација;
  **Македонски денар**

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

- Краток опис на позначајните сметководствени политики кои се применети во двата пресметковни периода во годишната сметка (за приходите, расходите, нематеријалните средства, материјалните средства, побарувањата и обврските и друго).
  **Годишната сметка е изготвена во согласност со принципот на историски трошоци и во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Република Македонија согласно Законот за трговските друштва.Поважните користени сметководствени политики се следниве:**
  1) **Материјални средства (Недвижности, постројки и опрема). Ставките од овие категории се презентирани според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Амортизацијата се пресметува со примена на пропорционалниот метод за периодите на корисниот век на средствата со примена на следните стапки:**
     **а) Деловни згради 2,5%**
     **б) Моторни возила 25%**
     **в) Компјутери 25%**
     **г) Мебел и опрема 10-25%**

  2) **Парични средства и парични еквиваленти. Паричните средства се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки.**
  3) **Побарувања од купувачите и обврски кон добавувачите.**
     а) **Побарувањата од купувачите се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања.**

б) **Обврските спрема добавувачите се искажани според нивната номинална вредност.**

4) **Трансакции во странска валута. Трансакциите во странски валути се пресметуваат во денари според средниот курс на валутите објавен од страна на НБРМ на денот на трансакцијата. Средствата и обврските искажани во странски валути, се пресметуваат во денари по средниот курс на НБРМ на датумот на билансот на состојба. Добивките (приходите) или загубите (расходите) произлезени од трансакции во странска валута се признаваат во билансот на успех.**

5) **Приходи. Приходите од продажба на добра се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува. Приходите се прикажани по фактурна вредност, намалена за попусти и данокот на додадена вредност.**

## 4. КОРИСТЕНИ ПРОЦЕНКИ

- Применети методи на значајни проценки кои се применети (за нематеријални и материјални средства, приходи, расходи и друго).

Применети се следните значајни проценки:

(а) **Проценка на надоместливиот износ на средствата за целите на утврдување на евентуална загуба поради обезвреднување, доколку постојат индиции за постоење на такво обезвреднување.**

(б) **Проценка на корисниот век на средствата за целите на пресметка на амортизација,**

(в) **Проценка на наплатливоста на побарувањата и финансиските вложување за целите на отпис и исправка на вредноста.**

## 5. ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И КОРЕКЦИИ НА ГРЕШКИ

- Опис на промената или корекцијата (врз основа на кој стандард или друга законска регулатива е настаната промената) за кои позиции на годишната сметка се однесуваат и квантифицирани ефекти од извршената промена или корекција.

**XXXX**

## 6. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

- Опис на ризикот (кредитен ризик, пазарен ризик, ризик на ликвидност) и користени методи за мерење на ризикот и квантифицирани информации за ризикот.

а) **Кредитен ризик**

**Друштвото е изложено на кредитен ризик кога купувачите нема да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото влегува во трансакции со различни кредитоспособни странки и континуирано ги следи побарувањата од купувачите но како резултат на околностите постои ризик поврзан со нивната наплата.**

б) **Пазарен ризик**

**Пазарниот ризик е дефиниран како можност за губење на купувачи, и може да се случи пред се заради кризата која најверојатно ќе предизвика потешкотии во продажбата. Друштвото нема донесено посебна политика за управување со овој ризик.**

**в) Ризик на ликвидност**

**Во периодот опфатен со годишната сметка овој ризик е присутен. Истиот е резултат на влошената ликвидност на генрално ниво, што резултира со отежната наплата на побарувањата и отежнато плаќање на обврските. За да го намали овој ризик Друштвото презема активности со цел да ги наплати своите побарувања во предвидените рокови**

7. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Патенти и лиценци | Гудвил | Софтвер | Останати средства | Средства во подготовка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (тековна година) | | | | | | |
| Зголемување | | | | | | |
| Намалување | | | | | | |
| Салдо на 31 Декември 2020 (тековна година) | | | | | | |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (тековна година) | | | | | | |
| Амортизација | | | | | | |
| Намалување | | | | | | |
| Салдо на 31 Декември 2020 (тековна година) | | | | | | |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2020 (тековна година)*** | | | | | | |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2020 (тековна година)*** | | | | | | |
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2019 (претходна година) | | | | | | |
| Зголемување | | | | | | |
| Намалување | | | | | | |
| Салдо на 31 Декември 2019 (претходна година) | | | | | | |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2019 (претходна година) | | | | | | |
| Амортизација | | | | | | |
| Намалување | | | | | | |
| Салдо на 31 Декември 2019 (претходна година) | | | | | | |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2019 (претходна година)*** | | | | | | |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2019 (претходна година)*** | | | | | | |

8. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (тековна година) | 18.426.543 | 913.049.142 | 41.509.680 | - | 972.985.365 |
| Зголемување | - | - | 239.087 | - | 239.087 |
| Намалување | - | - | - | - | - |
| Салдо на 31 Декември 2020 (тековна година) | 18.426.543 | 913.049.142 | 41.748.767 | - | 973.224.452 |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020(тековна година) | - | 572.193.526 | 21.561.289 | - | 593.754.815 |
| Амортизација | - | 15.687.878 | 5.419.010 | - | 21.106.888 |
| Намалување | - | - | - | - | - |
| Салдо на 31 Декември 2020(тековна година) | | 587.881.404 | 26.980.299 | | 614.861.703 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2020(тековна година)*** | ***18.426.543*** | ***325.167.738*** | ***14.768.468*** | ***-*** | ***358.362.749*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2020(тековна година)*** | ***18.426.543*** | ***340.855.616*** | ***19.948.391*** | ***-*** | ***379.230.550*** |
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2019(претходна година) | 18.426.543 | 911.570.584 | 48.584.952 | - | 978.582.079 |
| Зголемување | - | 2.404.699 | 8.470.786 | - | 10.875.485 |
| Намалување | - | 926.141 | 15.546.058 | - | 16.472.199 |
| Салдо на 31 Декември 2019 (претходна година) | 18.426.543 | 913.049.142 | 41.509.680 | - | 972.985.365 |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2019(претходна година) | - | 557.384.084 | 32.487.230 | - | 589.871.314 |
| Амортизација | - | 15.735.583 | 4.591.458 | - | 20.327.041 |
| Намалување | - | 926.141 | 15.517.399 | - | 16.443.540 |
| Салдо на 31 Декември 2019(претходна година) | | 572.193.526 | 21.561.289 | | 593.754.815 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2019(претходна година)*** | ***18.426.543*** | ***340.855.616*** | ***19.948.391*** | ***-*** | ***379.230.550*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2019(претходна година)*** | ***18.426.543*** | ***340.855.616*** | ***19.948.391*** | ***-*** | ***379.230.550*** |

9. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

| 2020 | Недовршени земјоделски производи | Основно стадо | Обртно стадо | Повеќе-годишни насади | Средства во подготовка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2020 (тековна година) | | | | | | |
| Зголемување како резултат на набавки | | | | | | |
| Намалување како резултат на продажби | | | | | | |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | | | | | | |
| Промена на вредноста на биолошките средства | | | | | | |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | | | | | | |
| ***Состојба на 31 Декември 2020 (тековна година)*** | | | | | | |
| *Нетековни средства* | | | | | | |
| *Тековни средства* | | | | | | |
| ***Вкупно биолошки средства 2020*** | | | | | | |
| Состојба на 1 Јануари 2019 (претходна година) | | | | | | |
| Зголемување како резултат на набавки | | | | | | |
| Намалување како резултат на продажби | | | | | | |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | | | | | | |
| Промена на вредноста на биолошките средства | | | | | | |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | | | | | | |
| ***Состојба на 31 Декември 2019 (претходна година)*** | | | | | | |
| *Нетековни средства* | | | | | | |
| *Тековни средства* | | | | | | |
| ***Вкупно биолошки средства*** | | | | | | |

10. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

| | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Вложувања во конвертибилни обврзници | | |
| Вкупно: | | |

Број на конвертибилни обврзници:

Права кои ги носат конвертибилните обврзници:

11. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 45.442.651 | 40.236.983 |
| Побарувања од купувачи во странство | | |
| Застарени, сомнителни и спорни побарувања | - | - |
| Вредносно усогласување на побарувања | 36.358.421 | 36.394.421 |
| Вкупно: | *9.084.230* | *3.842.562* |

12. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Парични средства на денарски сметки | 8.118.664 | 6.526.628 |
| Парични средства во денарска благајна | 4.619 | 7.898 |
| Девизна сметка | - | - |
| Девизна благајна | - | - |
| Вкупно: | *8.123.283* | *6.534.526* |

13. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

| Родови на акции | Во сопственост на | Состојба | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 (тековна година) | | 01.01.20 | % | зголем. | Намал. | 31.12.20 | % |
| Обични акции | Физички лица | 18.311 | 10,63 | - | - | 18.311 | 10,63 |
| | Правни лица | 153.980 | 89,37 | - | - | 153.980 | 89,37 |
| | Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Приоритетни акции | ФПИО | - | - | - | - | - | - |
| | Вкупно | ***172.291*** | ***100,00*** | - | - | ***172.291*** | ***100,00*** |

| 2019 (претходна година) | | 01.01.19 | % | зголем. | Намал. | 31.12.19 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обични акции | Физички лица | 18.311 | 10,63 | - | - | 18.311 | 10,63 |
| | Правни лица | 153.980 | 89,37 | - | - | 153.980 | 89,37 |
| | Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Приоритетни акции | ФПИО | - | - | - | - | - | - |
| | Вкупно | ***172.291*** | ***100,00*** | - | - | ***172.291*** | ***100,00*** |

## 14. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

| Обврски со рок на достасување над 5 години: | | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| Вид на обврска: | Вид на обезбедување: | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | | | |
| Обврски кон добавувачи | | | |
| Обврски спрема поврзани друштва по основ на заеми и кредити | | | |
| Обврски по основ на кредити | | | |
| Обврски по основ на заеми | | | |
| Останати долгорочни обврски: | | | |
| | | | |
| | | | |
| Вкупно: | | | |

## 15. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 601.568 | 1.479.345 |
| Добавувачи во странство | - | - |
| Добавувачи за нефактурирани стоки | - | - |
| Вкупно: | 604.568 | 1.479.345 |

## 16. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ

| | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Краткорочни обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | | |
| Краткорочни кредити во земјата | | |
| Краткорочни кредити во странство | | |
| Вкупно: | | |

## 17. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Приходи од продажба во земјата | 2.179.378 | 1.099.396 |
| Приходи од продажба во странство | - | - |
| Вкупно: | *2.179.378* | *1.099.396* |

## 18. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Приходи од наемнини | 22.348.918 | 26.141.087 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 36.000 | 18.000 |
| Приходи од државни поддршки | - | - |
| Вкупно: | *22.384.918* | *26.159.087* |

## 19. ОСТАНАТИ РАСХОДИ

| | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Транспортни услуги | 2.366 | 1.475 |
| Трошоци за саеми | - | - |
| Наемнина | - | 402.425 |
| Трошоци за членови на органот на управување надзорен одбор и за членовите на останатите органи | 342.760 | - |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 40.332 | 42.694 |
| Трошоци за промоција, пропаганда и реклама | - | - |
| Премии за осигурување | 680.432 | 679.379 |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 51.839 | 61.688 |
| Трошоци за ревизија | 123.390 | 246.000 |
| Трошоци за останати интелектуални услуги | 454.693 | 372.370 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | - | - |
| Загуби од отуѓување на нетековни средства | - | - |
| Останати расходи | - | - |
| Вкупно останати оперативни расходи | *1.695.812* | *1.806.031* |

## 20. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

| | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Побарувања по основ на купопродажни односи | | |
| Обврски по основ на купопродажни односи | | |
| Приходи од продажба на готови производи | | |
| Приходи од продажба на стоки | | |

- **Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2020 година.**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото на ден 22.09.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

За усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2020 година.

1. СЕ УСВОЈУВА завршната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2020 година.

2. Во АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во работењето во 2020 година се остварени следните финансиски резултати:

| Ред.бр. | ЕЛЕМЕНТИ | Структура во % | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварени приходи | 62,39% | 39.798.641,00 |
| 2 | Остварени расходи | 92,96% | 56.138.111,00 |
| 3 | Остварена загуба | 30.57% | 16.339.470,00 |
| 4 | Данок на добивка | | 0 |
| 5 | Остварена нето загуба | | 16.339.470,00 |

3. Составен дел на одлуката е Завршната сметка, извештаите и друга документација за 2020 година.

4. Сметководството на друштвото да ги извести надлежните служби Централниот регистар на РМ и Министерството за финансии Управата за јавни приходи, за остварениот финансиски резултат и неговата распределба со доставување на пропишаните обрасци за завршната сметка за 2020 година.

5. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ